**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 23 седница одржана на 19.10.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Градежништво", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за применети науки при Универзитет во Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Градежништво", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за применети науки при Универзитет во Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломоран градежен инженеро /во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor of science i civil engineering.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 207 Градежништво и водостопанство
Научно – истражувачка област: 20700 Градежни материјали - 20701 Геотехника - 20702 Градежни конструкции во ниско и високо градбата - 20703 Земјотресно инженерство - 20704 Компјутерска интеракција при проектирање и градење на објекти - 20705 Механика на цврсто и деформабилно тело - 20706 Теорија на конструкции - 20707 Челични конструкции - 20708 Бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции - 20709 Патишта и аеродроми - 20711 Тунели - 20712 Хидрологија - 20713 Хидраулика - 20714 Комунална хидротехника и заштита на водите - 20715 Уредување на водотеците и заштита од ерозија - 20716 Хидротехнички мелиорации - 20717 Хидротехнички објекти - 20718 Енергетско искористување на водите - 20719 Организација и економика во градежништво и 20720 Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 50 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената одлука 02-3751/1 од 29.12.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма програма „Градежништво", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за применети науки при Универзитет во Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.17-76/1 од 10.02.2021 година (наш бр. 08 - 73/1 од 19.02.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на 24.02.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 73/6 од 24.09.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 23 - та седница одржана на 19.10.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски